


**- Групацијата на производители на заштитни врати**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**од состанокот на Групацијата на производители на заштитни врати одржана на 08.06.2011 година во Стопанска комора на Македонија**

Состанокот го водеше претседателот на Групацијата Марјан Јовевски, а се расправаше по следниот

**Д н е в е н р е д**

1. Извештај од досегашните активности по покренатата иницијатива за зајакна контрола при увоз на заштитни врати.

Претседателот на Групацијата г-дин Марјан Јовевски ги запозна присутните за реализираните активности кои се реализираа согласно донесените заклучоци од претходните седници на Групацијата по однос на покренатата иницијатива за зајакната контрола при увоз на заштитни врати

Информира за одржаната прес конференција одржана во Стопанската комора на Македонија, учество на три национални телевизии и сл.

Посебно беше потенцирана активноста која беше реализирана по доставување на Иницијативата од страна на комората и Групацијата до Царинската управа на Република Македонија. Укажа дека по оваа иницијатива Царинската управа достави допис до комората со кој информира дека Царинската управа изготви нови критериуми со кои ќе се зајакне контролата при увозот на сигурностите врати.

Исто така, по оваа иницијатива на два наврати се расправаше на Советодавното тело на Царинската управа на РМ на кои присуствуваше претседателот на групацијата кои детално ја образлагаше иницијативата и барањата на Групацијата. На овие состаноци освен преставници на царината присутни беа преставници на Министерството за економија, Државниот пазарен испекторат, Кординативното тело за надзор на пазарот и Организацијата на потрошувачи.

По информирањето за активностите  и препораките на Советодавното тело се заклучи.

Од страна на Групацијата да се изготви информација за постапката  за увоз на сигурносни врати кој треба да се достави до Министерството за економија, Царинската управа, Државниот пазарен испекторат, Кординативното тело за ндзор на пазарот и Организацијата на потрошувчи.

По изготвување на информацијата кој би бил верификуван од наведените институции да се информираат градежните и проектанските фирми за донесените законски и подзаконски акти и стандарди за нивна задолжителна употреба

Групација да ја информира Царинската управа на РМ кои документи се потребни односно кои ги барааи земјите од ЕУ и регионот за извоз на сигурносни врати. **За таа цел се молат членките на Групацијата кои имаат искуство во извоз на сигурносни врати да до Стопанска комора на Македонија достават листа на документи кои ги бараат земјите од ЕУ и регионот.**

Во наредниот период да се организира заедничка седница на Групацијата со Здружението за градежништво на која би се обраложила покренатата иницијатива.

Претседател
Марјан Јовевски с.р.

Бр.12-1677/2
08.06.2011 год.
Скопје